CROATIA® осигурување/живот

**АПЛИКАЦИЈА ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА / АЖУРИРАЊЕ НА КЛИЕНТ**
***(Правно лице)***

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА КЛИЕНТОТ

Полн назив ______________________________________________
Скратен назив ______________________,Даночен број ______________________ Матичен број ______________________,
Адреса______________________Држава______________________Електронска адреса______________________

## РЕГИСТРАЦИЈА

Број на акт од соодветен регистар______________________ Приоритетна дејност/главна приходна шифра ______________________
Датум на упис______________________, Дополнително решение/ согласност/ одобрение за вршење дејноста □ Да □ Не
Издавач на документ______________________, Датум на издавање на решението/ дозволата/ одобрението______________________
Организациски облик______________________

## ДРУГИ ПОДАТОЦИ ЗА КЛИНЕТОТ

Основачи / сопственици на правното лице ______________________, ЕМБГ______________________ ______________________
Адреса ______________________, Лична карта / пасош бр.______________ Издаден од ______________________
Основачи / сопственици на правното лице ______________________, ЕМБГ______________________ Адреса______________________
______________________, Лична карта / пасош бр.______________ Издаден од ______________________
Основачи / сопственици на правното лице ______________________, ЕМБГ______________________ Адреса______________________
______________________, Лична карта / пасош бр.______________ Издаден од ______________________
Законски застапник ______________________, ЕМБГ______________________ Адреса ______________________, Лична карта / пасош бр.______________ Издаден од ______________________
Законски застапник ______________________, ЕМБГ______________________ Адреса ______________________, Лична карта / пасош бр.______________ Издаден од ______________________
Капитална поврзаност во правни лица со учество еднакво или поголемо од 20%
Полн назив ______________________
Седиште______________________
Управувачка поврзаност со други правни и физички лица ______________________

Јас, ______________________со ЕМБГ ______________________ и живеалиште на ул. ______________________ во функција на ______________________ во Друштвото наведено во заглавието на овој документ, изјавувам под морална, материјална и кривична одговорност дека вистински сопственици на друштвото се*

| | Име и презиме | ЕМБГ | Број на л.к / бр пасош | Адреса | Носител на јавна функција |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | | | | Да Не |
| 2 | | | | | Да Не |
| 3 | | | | | Да Не |
| 4 | | | | | Да Не |

Изјавил Име, презиме, потпис и печат ______________________Датум______________________

*****Задолжително се задржува копија во хартиена и/или електронска форма од документот за идентификација***

*****Вистински сопственик на правното лице е:**
1. Физичко лице/а кое е сопственик на правното лице или го контролира правното лице преку директна сопственост на доволен процент на удели, акции вклучително и акции на доносител или право на глас или други права во правното лице,
2. Физичко лице/а кое го контролира правното лице преку индиректна сопственост на доволен процент на удели, акции, вклучително и акции на доносител или право на глас или други права во правното лице или
3. Физичко лице/а кое на друг начин остварува контрола на правното лице

Индикатор на директна сопственост од став(1) точка 1 на овој член е сопственоста на над 25% од уделите, правата на глас или други права во правното лице или сопственоста на 25% плус една акција. Индикатор на индиректна сопственост од ставот(1) точка 2 на овој член е сопственоста или контролата на физичкото лице /а над едно или повеќе правни лица кои поединечно или заедно имаат над 25% од уделите или 25% плус една акција.
**Вистински сопственик на други правни лица:** Вистински сопственик на домашни и странски здруженија и нивни сојузи, фондации, установи, комори, синдикати, политички партии, задруги, верски заедници, или други организации во кои учеството во управувањето врз основа на сопственичкиот удел во капиталот не е можно да се утврди, се смета секое физичко лице кое е овластено да ги застапува или физичкото лице кое има контролна позиција во управување со имотот на организацијата.
**Вистински сопственик на правен аранжман:** Вистински сопственик на правен аранжман е секое физичко лице кое е Основач, Повереник, Управител/и (доколку има), Корисник или група на корисници на имотот со кој управува под услов иднитекорисници да се утврдени или да можат да се утврдат, Физички лица кои извршуваат функции исти или слични на оние на точките 1,2,3 и 4 на овој став и/или Друго физичко лице кое преку директна или индиректна сопственост или на друг начинврши контрола над правниот аранжман.
**Вистински сопственик на буџетски корисник** Вистински сопственик на буџетски корисник е раководител на буџетскиот корисник
**Исклучоци во однос на идентификацијата на вистинскиот сопственик:** Субјектот не мора да го идентификува и потврди идентитетот на вистинскиот сопственик доколку клиентот е правно лице чии хартии од вредност котираат на домашна или странска берза на хартии од вредност од држави кои ги исполнуваат меѓународните стандарди за спречување перење пари и финансирање на тероризам или податоците за вистинските сопственици се транспарентни и јавно достапни.

## ИЗЈАВА ЗА ПОСТОЕЊЕ НА СВОЈСТВО НОСИТЕЛ НА ЈАВНА ФУНКЦИЈА**

Јас, ______________________ со ЕМБГ (за резиденти) и л.к. број / пасош бр. (за нерезиденти) ______________________ изјавувам под морална, кривична и материјална одговорност дека:

☐ А) Не сум носител на јавна функција и/или лице поврзано со носител на јавна функцја;

☐ Б) Сум носител на јавна функција (се наведува функцијата) ______________________
и/или лице поврзано со носител на јавна функција (се наведува функцијата) ______________________.

**податоци кои не се задолжителни*
***Да се пополнува со печатни букви. По пополнувањето да се достави во оргинал до Кроациа Осигурување-Живот АД Скопје, на ул. Железничка бр.41 Скопје, или скенирано и енкриптирано на е-мејл: contact@cro.mk. Во случај на нејаснотии, обратете се на мејл sppft@cro.mk .*
**** Дефиниција за носител на јавна функција и/или лица поврзани со нив е на страна 2 од овој образец.*
****Дефиниција за виситински сопственик е на страна 1 од овој образец.*

**CROATIA® осигурување/живот**

| СОГЛАСНОСТ НА КЛИЕНТОТ | |
|---|---|
| Со потпишување на оваа апликација изјавувам дека сум согласен наведените лични податоци (вклучително и ЕМБГ) да бидат обработувани од КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД Друштво за осигурување на живот Скопје, како КРОАЦИА би можела да обезбеди осигурување согласно договорените услови по полисата за осигурување.<br>Дополнително, со потписот изјавувам дека сум информиран дека:<br>- давањето на лични податоци е договорна обврска, односно дека истите се даваат со цел да се добие осигурување, а од тоа осигурување произлегуваат и други законски обврски, и дека ако не се дадат податоците, осигурувањето нема да може да биде склучено;<br>- обработката на личните податоци е потребна (i) заради исполнување на договорните обврски на КРОАЦИА по полисата за осигурување (ii) заради исполнување на законските обврски на КРОАЦИА по Законот за облигационите односи, Законот за супервизија на осигурување, Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам и останатите применливи законски и подзаконски акти;<br>- личните податоци нема да се пренесуваат во трета земја, согласно дефинициите на Законот за заштита на личните податоци;<br>- податоците ќе се чуваат согласно рокот предвиден во интерните акти на КРОАЦИА и кој рок е определен согласно со Законот за даночната постапка и подзаконските акти на Законот за архивски материјал (или други закони кои би ги замениле или дополниле);<br>- пристап до личните податоци, покрај овластените вработени во КРОАЦИА, ќе имаат и супервизорскиот орган - Агенција за супервизија на осигурување, како и надворешниот ревизор ангажиран од КРОАЦИА согласно Законот за ревизија и Законот за супервизија на осигурувањето. Сите овие категории на обработувачи/корисници се договорно или законски обврзани на тајност, доверливост и заштита на личните податоци;<br>- не постои автоматизиран процес на одлучување, вклучувајќи го и профилирањето;<br>- согласноста може во било кој момент да се повлече, со тоа што повлекувањето на согласноста ќе резултира во неможност за понатамошно покритие под осигурување и користењето на правата согласно истото, и дека повлекувањето не влијае на законитоста на обработката на личните податоци која е извршена пред повлекувањето.<br>- може да побарам од страна на контролорот пристап, исправка или бришење на личните податоци или ограничување на обработката на личните податоци, или право на приговор за обработката, како и право на преносливост на податоците, а согласно Законот за заштита на личните податоци; | *****„Носители на јавни функции" се физички лица на кои им е или им била доверена јавна функција во Република Македонија или во друга држава, како:**<br>а) претседатели на држави и влади, министри и заменици или помошници министри;<br>б) избрани претставници во законодавната власт;<br>в) судии на врховни или уставни судови или други носители на високи правосудни функции против чија одлука, освен во исклучителни случаи, не може да се користат правни лекови;<br>г) членови на органи на управување на супервизорски и регулаторни тела и агенции, државна ревизорска институција и членови на одбор на централна банка;<br>д) амбасадори;<br>ѓ) офицери од висок ранг во вооружените сили (чинови повисоки од полковник);<br>е) избрани и именувани лица согласно со закон и членовите на органите на управување и надзор на правни лица основани од државата;<br>ж) лица со функции во политички партии (членови на извршните органи на политичките партии);<br>з) лица на кои им е или им била доверена истакната функција во меѓународна организација, како директори, заменици директори, членови на управни и надзорни одбори или други еквивалентни функции и<br>ѕ) градоначалници и претседатели на совети на општини.<br>**Поимот „носители на јавни функции" вклучува и:**<br>1) членови на семејството на носителот на јавна функција и тоа:<br>- брачен другар или лице со кое носителот на јавна функција е во вонбрачна заедница,<br>- деца и нивни брачни другари или лица со кои децата на носителот на јавна функција се во вонбрачна заедница или - родители на носителот на јавна функција.<br>2) лице кое се смета за близок соработник на носителот на јавна функција е физичко лице:<br>- за кое е познато дека има заедничка правна или вистинска сопственост врз правно лице, има склучено договори или воспоставено други блиски деловни врски со носителот на јавна функција или<br>- кое е единствен вистински сопственик на правно лице или правен аранжман за кое е познато дека се основани во корист на носителот на јавна функција.<br>**За носители на јавна функција** од точка а) до ѕ) се сметаат лицата најмалку две години по престанокот на извршување на јавната функција, а врз основа на претходно спроведена проценка на ризик од страна на субјектите. |

### Изјавувам дека:

✓ сите наведени податоци, информации и документи, се целосни, веродостојни и точни; Јасно се презентирани правата и обврските согласно Законот за заштита на лични податоци, Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам и разбирлива е потребата за нивна обработка и собирање од страна на КРОАЦИА и недвосмислено и доброволно сум согласен/на со нив;
✓ запознаен сум со дефиницијата носител на јавна функција и/или поврзани лица со нив согласно важечката законска регулатива;
✓ во случај на промена на податоците наведени во оваа апликација, навремено ќе доставам известување.

### Информиран сум дека:

✓ наведените податоци претставуваат деловна тајна и дека КРОАЦИА има право да побара дополнителни податоци за цели на воспоставениот деловен однос;
✓ контакт-детали за офицерот за заштита на личните податоци кој ја претставува КРОАЦИА за прашања од областа на заштитата на личните податоци се објавени на официјалната интернет-страница и истиот може да се контактира на е-маил ozlp@cro.mk;

**Согласност за вршење на директен маркетинг:**

Друштвото за осигурување може да ги користи моите лични податоци и да ги издава податоците на трети лица со кои има склучено посебен договор за пренос на податоци со цел за промотивни активности, рекламирани материјали и други известувања за подобрување на услугите на Осигурителното Друштво.

☐ СЕ СОГЛАСУВАМ ☐ НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ

Оваа согласност за користење на лични податоци од страна на Осигурителното Друштво или трети лица за рекламни цели може без дополнителни трошоци да биде повлечена во секој момент, со потпишување и испраќање на Изјава за повлекување на согласност за обработка на лични податоци за цели на рекламен материјал.

### Поднесувач на апликација

................................................................................ ................................................................................
*(Име и презиме)* *(Потпис)* *(м. п.)*

................................................................................
*(Место и датум)*